РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА
ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИ
Бр. 07 - 2659/1
30.07 2012 год.
СКОПЈЕ

Бр.07-648/3157

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Шабан Шеху од Скопје, согласно член 14 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност („Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012), на седницата одржана на ден 30.07.2012 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

СЕ УТВРДУВА соработка со органите на државната безбедност на лицето Шабан Шеху, ЕМБГ 0101939450212, роден на 01.01.1939 година во Република Албанија, со псевдоним "Мирче", кој бил вршител на јавна функција- Републички советник во Владата на Република Македонија.

***О б р а з л о ж е н и е***

За Шабан Шеху, лице кое било вршител на јавна функција- Републички советник во Владата на Република Македонија, Комисијата за верификација на фактите по службена должност поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во Законот за определување услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Во постапката за верификација на фактите Комисијата утврди дека за лицето Шабан Шеху во Управата за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи на Република Македонија постои лично досие формирано во 1957 година со број 7021.

Од увидот во досието се утврди дека истото се состои од повеќе документи и тоа: Податоци за носител од 29.08.1981; Прашалник за ревизија на лично досие од 09.12.1967 година составен од 2 страни; Предлог за дерегистрација од 26.02.1966; Информација ев.бр.1203 од 27.10.1987 год. составена од 6 страни; Службена белешка ев.бр.1135 од 15.10.1987 год. составена од 4 страни; Службена белешка ев.бр.09-2/537 од 28.09.1987 год. составена од 5 страни; Службена белешка ев.бр.09-1/588 од 18.09.1987 год. составена од 6 страни; Службена белешка ев.бр.997 од 04.09.1987 год. составена од 8 страни; Службена белешка

ев.бр.04-30 од 04.04.1987 год. составена од 2 страни; Забелешка од 06.05.1975 год.; Службена белешка од 21.12.1964 год.;Службена белешка од 07.09.1964 год.; Службена белешка од 20.03.1964; Захтев(во ракопис) од 06.02.1964 год.; Службена белешка ев.бр.1691 од 06.10.1962 год.; Признаница (ракопис) од 09.08.1961 год.; Извештај (куцан+ракопис) од 11.02.1960год. составен од 26 страни; Предлог ев. Бр. 1162 од 01.02.1960год. составен од 2 страни; Карактеристика од 01.02.1960 год. составена од 2 страни; Можности од 02.1960 год; Податоци од 15.11.1959 год. составена од 2 страни; Извештај од 26.10.1959 год.; Извештај од 17.09.1959 год.; Извештај ев.бр.1073 од 03.11.1958 год.; Службена белешка од 03.09.1958год.; Извештај ев.бр.538 од 18.04.1958 год.; Извештај од 18.03.1958 год; Изјава од 15.03.1958 год.; Акт со прилог копии од весници и обработка на Памфлетот на Али Алиу ев.бр.06-96/1 од 31.05.1988 год. составен од 15 страни; Информација од 20.10.1987 год. составена од 8 страни;Акт ев.бр2466/1 од .09.09.1987 год.; Одлука ев.бр.03-604/1 од 12.03.1987 год.; Одлука ев.бр.03-604/1 од 12.03.1987 год. составена од 7 страни и Мислење ев.бр.09-269/1 од 03.06.1968 год.

Од увидот во документите добиени од Управата за безбедност и контраразузнавање, се утврди дека лицето Шабан Шеху, ЕМБГ 0101939450212, роден на 01.01.1939 година во Република Албанија, со псевдоним "Мирче", кој бил вршител на јавна функција- Републички советник во Владата на Република Македонија се утврди дека како емигрант бил интересен за службата и бил регистриран како соработник на органите на државната безбедност на патриотска основа во 1957 година. Истиот, во декември 1951 год. заедно со семејството емигрирал во тогашна СФРЈ. Тука завршил учителска школа, при што бил вклучен во обработка на албанската емиграција и албанската канцеларија во Белград. Бил ангажиран за разработка на целата интелегенција во Гостивар и Скопје. Од документацијата се утврдија и лицата со кои тој контактирал и за кои можел да дава информации. Исто така, според нотираните карактеристики се утврди дека бил испратен и во Белград со цел да ги изврши дадените задачи, онака како што му биле поставени. Од приложената признаница и барање, се утврди дека на соработникот "Мирче" му биле исплатени одредени износи пари, како редовна месечна помош од средствата за специјална намена. Неговиот соработнички однос завршува во 1966 година кога бил и избришан од соработничката мрежа, а истиот ќе бил користен како легална врска.

Сите овие докази, содржани во досието на лицето Шабан Шеху, Комисијата за верификација на фактите смета дека се релевантни, па затоа, соглано член 29 и 31 од Законот за определување на услов за

ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ја утврди соработката со органите на државната безбедност и дека го исполнува условот за ограничување за вршење јавна функција.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Аџиев

ПОУКА: Се упатува лицето во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд лицето Шабан Шеху да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави до лицето Шабан Шеху.